# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ РОМАНИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1902-86/15 од 15..2017 год. донесена на 153. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 15.3.2017 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање - *виш лектор* за научната област *романистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата работеше во состав на:

- доц. д-р Светлана Јакимовска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, наставно-научна област романистика – претседател;
- доц. д-р Ева Ѓорѓиевска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, наставно-научна област романистика и историја на книжевноста на романските народи – член;
- проф. д-р Радица Никодиновска, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, наставно-научна област романистика – италијанистика – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија”, „Утрински весник“ и „Коха“ на 15.2.2017 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Марија Тодорова - магистер по методика на настава по шпански јазик, вработена како лектор по шпански јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација, на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет му го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Марија Тодорова** е родена на 18 август 1981 година во Кочани, каде што со континуиран одличен успех завршува основно и средно образование. Дипломира на Државниот универзитет во Чикаго (САД) во 2006 година со просек 10,00 и се стекнува со титула дипломиран филолог по шпански јазик и книжевност. Покажува забележителни успеси во текот на студирањето и добива високи академски признанија.

Во 2011 година, со просек 9,93 магистрира на Факултетот по класични и нови филологии при Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ во Софија, Република Бугарија, и се стекнува со титула магистер по методика на настава по шпански јазик. Магистрира на тема „Изучување на шпански јазик како втор странски јазик“.

Во периодот од 2005 до 2007 година работи како асистент и тутор на Државниот универзитет во Чикаго “Chicago State University” – САД.

Од 2008 година до 2013 работи на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип како кореспондент, а од 2013 г. до денес е вработена на УГД на местото лектор по шпански јазик при Филолошкиот факултет.

***Наставно-образовна активност и научноистражувачка дејност***

Своето работно искуство поврзано со шпанскиот јазик го започнува во 2005 година и во периодот до 2007 година работи како асистент и тутор на Државниот универзитет во Чикаго, САД.

Во текот на своето работење на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатката м-р Марија Тодорова мошне успешно ги извршува своите работни обврски и држи вежби по предметите: Шпански јазик 1, 2, 3, 4, 5, 6 како изборен предмет на Филолошкиот факултет, Шпански јазик 1, 2, 3, 4 како странски јазик

на нематичните факултети, Шпански јазик 2, 3, 4, 5, 6 како деловен странски јазик на Економски факултет, а исто така ги покрива и предметите Шпански јазик (1, 2) како универзитетски изборен предмет на сите 13 факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“.

Во изборниот период м-р Марија Тодорова учествувала на повеќе меѓународни симпозиуми, конгреси и конференции во земјава и надвор од неа, и тоа како од областа на образованието и воспитанието, така од областа на филолошките науки, при што има објавено поголем број на стручни и научни трудови, а други се во печат.

***Учество на проекти, обуки и конференции***

- Доц. д-р Драгана Кузмановска, д-р Нина Даскаловска, д-р Светлана Јакимовска, д-р Даринка Маролова, д-р Ева Ѓорѓиевска, д-р Толе Белчев, д-р Марија Леонтиќ, д-р Махмут Челик, м-р Биљана Иванова, м-р Снежана Кирова, **м-р Марија Тодорова**, м-р Јована Караникиќ, **Проект „МЕНТОР“**, ПСД-Груп Љубљана и Филолошки факултет -Штип, 2016-2018.
- Семинар во рамките на проектот „Ментор“ на Филолошки факултет, УГД – Штип, 15-19 октомври, 2015 год.
- Петта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“: Меѓународен славјански институт – Свети Николе, 25-26 април 2014 година.
- Втора меѓународна конференција на Здружението на преведувачи на Македонија, одржана на 25 октомври 2014 година во Скопје.
- XXIV. Colloquium of Young Linguists in Prague, Прага, 9-11 септември 2015 година.
- Меѓународна научна конференција на Факултетот за образовни науки, УГД - Штип, 24-25 септември 2015 година.
- Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“: Филолошки факултет – УГД - Штип, 18-19 март 2016 година.
- Четврта меѓународна научно-стручна конференција на тема „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“: Собрание на Општина Штип и ФОН – УГД, 18 мај 2016 година.
- Меѓународна научна конференција „КЛИМЕНТОВОТО ДЕЛО“: Филолошки факултет – УГД - Штип, 23-24 јуни 2016 година.
- Научно-стручна трибина „ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА“: Факултет за образовни науки – УГД - Штип, 7 октомври 2016 година.

***Објавени научни и стручни трудови***

Резултатите од научната и стручната активност на м-р Марија Тодорова се презентирани преку следниве научни и стручни трудови:

1. **Тодорова М**., Коцева В. (2013): „*Анкетата како метод за научно истражување*“, Зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, стр.121-130, 2013.
2. **Тодорова М**. (2014): „*Интересот за изучување на шпанскиот јазик во светот и во Македонија*“, Петта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“: Меѓународен Славјански институт – Свети Николе, стр. 33-36, 2014.
3. **Тодорова М**. (2014): „*Многујазична методика“,* Зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“– Штип, стр. 195-203, 2014.
4. **Тодорова М**., Коцева В. (2015): „*Анксиозност во наставата по странски јазик“,* Зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, стр. 253-258, 2015.
5. **Тодорова М**., Коцева В. (2016): „*Анксиозност кај студентите во училницата по странски јазик“,* Прва меѓународна научна конференција „FES Conference“: ФОН – УГД - Штип, стр. 75-81, 2016.
6. Коцева В., **Тодорова М**. (2016): „*Ставовите на учениците во врска со изучувањето на граматиката на часот по странски јазик“,* Меѓународна научна конференција „FES Conference“: ФОН – УГД - Штип, стр. 69-74, 2016.

7. **Тодорова М**. (2016): *„Усвојување на трети јазици (Е3)“*, “XXIV. Annual Colloquium of Young Linguists” at the Faculty of Arts, Charles University – Prague, (во печат).
8. **Тодорова М**., Коцева В. (2016): „Шпанскиот јазик во високото образование во Република Македонија“, Прва Меѓународна научна конференција „ФИЛКО“: Филолошки факултет – УГД - Штип, стр. 989-996, 2016 (18-19 март 2016).
9. Коцева В., **Тодорова М**., (2016): *„Преглед на критичките интерпретации на Крешеновиот модел на усвојување/учење на немајчин јазик“,* Прва Меѓународна научна конференција „ФИЛКО“: Филолошки факултет – УГД - Штип, стр. 423-430, 2016 (18-19 март 2016).
10. **Тодорова М**., Уланска Т. (2016): *„Рано изучување на странски јазик“*, Четврта меѓународна научно-стручна конференција на тема „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“: Собрание на Општина Штип и ФОН – УГД, стр. 83-87, 2016 (18 мај 2016).
11. **Тодорова М**., Коцева В. (2016): *„Интернационализација на високото образование“*, Меѓународна научна конференција „КЛИМЕНТОВОТО ДЕЛО“: Филолошки факултет – УГД - Штип, (во печат)
12. Уланска Т., **Тодорова М.** (2016): *„Ефективноста на користење метафори во наставата по странски јазик“*, Меѓународна научна конференција „КЛИМЕНТОВОТО ДЕЛО“: Филолошки факултет – УГД - Штип, (во печат).

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во виш лектор***

Марија Тодорова беше избрана во наставно-стручно звање *лектор* за наставно-научната област *романистика* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и во нејзиниот претходен мандат, на 3.7.2013 година со Одлука бр. 2402-101/5 на ННС на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во Универзитетски билтен бр. 104 од 3.12.2012 г.

Објавени научни и најмалку пет стручни трудови

| Б.р. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Тодорова, Марија** и Коцева, Весна | *Анкетата како метод за научно истражување.* | Годишен зборник - Филолошки факултет, УГД - Штип | 2013 |
| 2 | **Тодорова Марија** | *Многујазична методика* | Годишен зборник - Филолошки факултет, УГД - Штип | 2014 |
| 3 | **Тодорова, Марија** и Коцева, Весна | *Анксиозност во наставата по странски јазик.* | Годишен зборник - Филолошки факултет, УГД - Штип | 2015 |
| 4 | **Тодорова, Марија** и Коцева, Весна | *Анксиозност кај студентите во училницата по странски јазик.* | Меѓународна научна конференција - зборник на трудови | 2015 |
| 5 | Коцева, Весна и **Тодорова, Марија** | *Ставовите на учениците во врска со изучувањето на граматиката на часот по странски јазик.* | Меѓународна научна конференција - зборник на трудови | 2015 |
| 6 | **Тодорова, Марија** и Коцева, Весна | *Шпанскиот јазик во високото образование во Република Македонија.* | ФИЛКО - Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование | 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Коцева, Весна, **Тодорова, Марија** и Уланска Татјана | *Преглед на критичките интерпретации на Крешеновиот модел на усвојување/ учење на немајчин јазик.* | ФИЛКО - Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование | 2016 |
| 8 | **Тодорова, Марија** и Уланска Татјана | *Рано изучување на странски јазик* | Четврта Меѓународна научно-стручна конференција на тема „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“ | 2016 |

Евалуација на трудот „*Анкетата како метод за научно истражување“* – Во овој труд се презентира еден од најчесто употребуваните методи за научно истражување - анкетата. Подетално се разгледуваат како контекстот, содржината и формата на анкетата, така и предностите и недостатоците на овој истражувачки метод. Јасната слика за поимот „анкета“ ќе овозможи истражувачот да добие податоци кои се објективни, надежни и валидни, а со тоа и истражувањето да обезбеди објективен и валиден резултат.

Евалуација на трудот „*Многујазична методика“* – Предмет на овој труд е појаснување на поимот „многујазична методика“ и негова диференцијација од поимот „методика на настава по странски јазик“. Се разгледуваат аспектите и принципите на многујазичната методика, како и нејзината тесна поврзаност со голем број сродни науки, од кои најважни се лингвистика и културологија, психологија, педагогија и др.

Евалуација на трудот „*Анксиозност во наставата по странски јазик* “ - Овој труд ја анализира појавата на анксиозност кај студентите при изучување на странски јазик, која предизвикува несигурност, расеаност, мала самодоверба, отсуство на желба да се посетуваат часовите и да се учи јазикот.

Евалуација на трудот „*Анксиозност кај студентите во училницата по странски јазик* “ - Овој труд ја анализира појавата на анксиозност кај студентите при изучување на странски јазик, ги утврдува причините за појавата на истото и го утврдува негативното влијание врз достигнувањата на студентите.

Евалуација на трудот „*Ставовите на учениците во врска со изучувањето на граматиката на часот по странски јазик*“ - Трудот цели кон прикажување на размислувањата, сугестиите и ставовите на учениците во врска со изучувањето на граматиката на часот по странски јазик.

Евалуација на трудот „*Шпанскиот јазик во високото образование во Република Македонија*“ - Во овој труд се анализира фактичката состојба на шпанскиот јазик како странски јазик во Р Македонија, се истакнуваат причините за зголемениот интерес за изучување на шпанскиот јазик и шпанската култура, се дава осврт на образовниот систем во државата и преку анализа на податоци се утврдува застапеноста на јазикот во високото образование односно се анализира изучувањето на шпанскиот јазик на државните и приватните високообразовни институции во Македонија.

Евалуација на трудот „*Преглед на критичките интерпретации на Крешеновиот модел на усвојување/ учење на немајчин јазик*“ - Во овој труд се дава осврт на критиките насочени кон идеите на Крешен за учењето на немајчин јазик и се изнесуваат ставовите на критичарите кои ја побиваат теоретската оправданост, односно теоретската неусловеност на Крешеновиот модел. Се дава краток приказ на најчестите приговори, поврзани со вреднувањето на теоретските поставки во овој модел и се образложуваат неодреденоста, несоодветноста и недоследноста на Крешен во употребата на терминологијата и методологијата.

Евалуација на трудот „*Рано изучување на странски јазик*“ - Во овој труд се дава осврт на општите карактеристики и специфичните принципи на раното изучување на странски јазик, општите цели на наставата по странски јазик во основно училиште, се анализира јазичната способност на децата од предучилишна и училишна возраст и развојот на јазичните вештини.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложената работна биографија, стекнатото образование, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на нејзиното работење како лектор - наставник на Филолошкиот факултет, така и на планот на стручното педагошко усовршување, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност, Комисијата констатира дека м-р Марија Тодорова ги исполнува сите суштински и законски критериуми, предвидени со Законот за високо образование, за избор во наставно-стручно звање *виш лектор* за научната област *романистика* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип кандидатката м-р Марија Тодорова да биде избрана за наставник во наставно-стручно звање **виш лектор** за научната област романистика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Светлана Јакимовска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Ева Ѓорѓиевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Радица Никодиновска, член, с.р.**